# ЗА НАШЕ ДЕЛЧЕВО

# ОТЧЕТ

## 100 ДЕНА ЛОКАЛНА ВЛАСТ



ГРАДОНАЧАЛНИК
ИВАН ГОЦЕВСКИ



Почитувани граѓани,
Почитувајќи го начелото на транспарентност и отчетност, денеска го објавуваме првиот отчет во кој се содржат сите активности насочени кон подобрување на квалитетот на животот на граѓаните кои јас, како градоначалник, заедно со поддршката од Советот на Општина Делчево, ги презедовме во овие 100 дена локална власт.
100-дена имаат заеднички именител- почеток на промените што ги ветивме и заедно ќе ги реализираме. Првите три месеци јасно покажаа дека промените се возможни, дека може да се зборува и да се работи за една поинаква општина. Воспоставивме поинаков начин на управување, воведовме транспарентност, наместо затворени одлуки, конкретна работа наместо празни зборови, започнавме процеси со кои донесовме одлуки кои ја враќаат довербата во институциите на локално ниво. Нема веќе затворени институции. Во овие 100 дена, ја насочивме енергијата кон решавање на клучните проблеми кои со години беа запоставувани.
Во овој период, ги мобилизиравме сите структури, формиравме Совет на интелектуалци составен од наши граѓани кои живеат и работат надвор од Делчево, а чие искуство и професионалност можат да дадат придонес за развојот и промоцијата на нашето Делчево. Оствaруваме редовни средби и со поранешни градоначалници и носители на јавниот и политичкиот живот, но и со бизнис-заедницата, чие искуство е доста важно за идните политики за развој. Ги отворивме вратите на општината за граѓаните и досега во кабинетот се примени над 1 000 граѓани. Имаме редовна комуникација со наши иселеници во странство, формиравме нови состави на месните и урбаните заедници-како основна клетка во локалната самоуправа, го слушаме гласот на младите, на ценетите граѓани од третата доба, на мажите и жените од Делчево.
Градиме доверба, воспоставуваме соработка и го слушаме гласот на граѓанинот.
Воспоставивме поголема буџетска дисциплина, зголемена транспарентност и јасен увид во трошењето на јавните средства. Секој денар е ставен во функција на јавниот интерес.
Сакам да ви ветам дека ништо нема да ја запре реализацијата на програмата ветена на граѓаните. Со добрата поддршка од централната власт, со добро изработените проекти од општинската администрација, со поддршката од Советот на Општина Делчево и со искрен и максимално ангажиран пристап, може да книжиме само реализација на нови проекти и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.
Капиталните инфраструктурни проект остануваат да се приоритет број еден. Водени од фактот дека развојот на една општина треба да се гледа во инвестициите, во капиталните инфраструктурни проекти, бидејќи само со средена инфраструктура може да се создадат услови за развој на стопанството и да се зголеми вредноста на имотот, продолжуваме со интензивно темпо да градиме патишта кои поврзуваат и носат развој. Во овој период само во инфраструктура во Делчево, се инвестираат над 230 милиони денари инвестиции од Владата на РСМ, од донатори и дел од општинскиот буџет. Продолжуваме со дореализација на проектите и најавуваме за оваа 2026 година уште нови капитални инвестиции.
Почитувани,
Довербата што ми ја дадовте, за мене не е само изборен резултат-тоа е еден вид завет, голема обврска и безусловен поттик да се работи искрено и одговорно, бидејќи нашиот роден град заслужува да се развива, заслужува да ни биде наша гордост. Овие 100 дена покажаа дека сме посветени максимално искрено да ги промениме работите на подобро. Продолжуваме со исто темпо- заедно да ја градиме иднината на нашето Делчево.

Благодарам,
Градоначалник на Општина Делчево
Иван Гоцевски



# БУЏЕТСКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## 1. БУЏЕТСКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Граѓаните имаат право да ја знаат финансиската кондиција на општинскиот буџет. За тоа ја ставаме на увид состојбата која ја затекнавме по преземањето на власта:
1. Краткорочни финансиски обврски према добавувачи во износ од 13 милиони денари;
2. Доспеани ануитети за МСИП кредити за доградба на градинката и за изградба на патишта во износ од 3.029.433 ден
3. Обврски за недоисплатени паушали за претходниот состав на Советот за 10 седници во износ од 6.253.377 ден
4. Обврски за јубилејни награди за вработените во Општина Делчево и за вработени во ТППЕ за 2025 г во износ од 572.858 ден
5. Обврски по донесени одлуки за парична помош од Советот на О.Делчево за 2025 г во износ од 968.000 ден
6. Обврски по јавен повик за 2025 г до невладини организации во износ од 300.000 ден.
7. Утужени обврски во висина од 171.837.590 ден од кој најголем дел припаѓаат на ГП Гранит во висина од 148.280.257 ден заедно со камати.

### ***Во овие 100 дена исплатени се следните обврски:***

- Исплатени 926.318 ден за кредитот за доградба на детската градинка
- Исплатени 1.612.614 ден за кредит за изградба на улици
- Исплатен износ од 509.267 ден на име камати
- Исплата по капитални проекти во вкупен износ од 36.725.977 ден
- Изплатена еднокартна парична помош за 91 прваче со вкупен износ од 321.000 ден.
- Исплатена еднократна парична помош за 21 новороденче во вкупен износ од 114.000 ден
- Исплата на парична помош во износ од 114.000 ден
- На име долг кон ГП ГРАНИТ исплатена вкупен износ од 5.255.203 ден
- Исплатена 33-та Седница на Советот во испос од 280.000 ден
- На име експропријација исплатени се 145.510 ден
- За прекуграничен проект исплатен е вкупен износ од 1. Мил ден
- За награди и стипендии на талентирани ученици исплатени се 114.000 ден
- Исплатени јубилејни награди на 9 вработени во износ од 379.464 ден

### ***1.1 Повеќе пари за граѓаните - Нови мерки***

• Повеќе пари за првачињата и новороденчињата-
Мерката за еднократна парична помош за новороденчиња и првачиња во Делчево е зголемена за 1.000 ден. и изнесува 4.000 ден.
• Повисоки општински стипендии-зголемен буџетот за општински стипендии и ученички награди за 250.000 ден.
• 15 најдобри матуранти од СОУ „М.М.Брицо" ќе добијат еднократна парична награда во износ од 20.000 ден
• Повеќе пари за социјални трансфери - воведуваме нови мерки кои ќе придонесат за социјална сигурност за одредени категории на лица/семејства:
- еднократна парична помош за еднородителски семејства во износ од 10.000 денари,
- еднократна парична помош за лекување онколошки пациенти во износ од 10.000 денари
- еднократна парична помош за рехабилитација на ученици со мускулна дистрофија во износ од 20.000 денари.
• повеќе пари за граѓански и спортски здруженија- транспарентна распределба на средства за граѓански и спортски здруженија и клубови. Вкупниот износ изнесува 1.5 милиони ден.

## 1.2 Граѓаните го креираа Буџетот за 2026

- Одржани две буџетски сесии во рамките на Буџетскиот форум и определени приоритетите за решавање. Сите предложени проекти ќе бидат земени предвид и нивната реализација ќе зависи од техничката изводливост и финансиските капацитети на Општината

На листата 5 приоритети за решавање во 2026 година со најмногу гласови се:

1. Отпочнување со работа и целосно опремување на Младинскиот центар;
2. Поставување хидрантски систем во ООУ „Ванчо Прке"
3. Посебен влез и излез во УМП Делчево;
4. Асфалтирање и опесочивање локални патишта
5. Туристичко-информативно биро

## 1.3 Легализацијата на диоградбите е во завршна фаза

Во Општина Делчево се поднесени вкупно 3.539 предмети за легализација на диоградби, од нив 1.320 се одбиени, а 2. 050 се позитивно решени. Останатите предмети треба да се дополнат со документи од барателите до крајниот рок на важење на Законот кој истекува во месец март.

## 1.4. Делчево наскоро ќе добие нов ГУП

- Делчево наскоро ќе добие нов ГУП, бидејќи со стари планови нема развој. Изработката на овој битен документ за градот кој ја креира неговата иднина и развој, е во завршна фаза.
- За прв пат ќе се изработат урбанистички плански документи на основно ниво за селата Габрово, Град и Триботивиште.

## 1.5. Наплатата на данокот на имот за 2025 година во Општина Делчево изнесува над 90%.

Вкупно за данок на имот кај физички лица се наплатени 7. 006.026 ден. од планираните 7.248.757 ден. Вкупно за данок на имот кај правни лица се наплатени 2,979.735 ден од планираните 3.350.00 ден, или вкупно се наплатени 9.985.760 од планираните 10.598.913 ден

## 1.6. Ревалоризација на вредноста на граѓанскиот имот

Започнуваме со сложената процедура за ревалоризација на вредноста на граѓанскиот имот со што постапуваме по укажувањата од Државниот завод за ревизија кој констатирал дека има слабости во начинот на администрирање, утврдување и наплата на приходите по основ на данок на имот и данок на промет на недвижности. Даночните обврзници кои се стекнале со нов имот, не се задолжени со данок на имот, а утврдувањето на пазарната вредност според зоните во изминатите 5 години нема претрпено измени и некоренсподира со постигнатите пазарни цени за поодделни видови недвижен имот и просечните цени на извршени купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Делчево.

## 1.7. Дигитализација на Советот на Општина Делчево

Ставена е во функција платформата opstinskisovet.mk и одржани се обуки за советниците и одржана е првата Седница на Советот со дигитални алатки. Секој граѓанин ќе може да се најави како гостин и да има увид во материјалите, одлуките и работата на Советот – целосно дигитално. Дигитализацијата овозможува поголема отчетност на советниците, заштеда на време и ресурси, како и значително намалување на користењето хартија. Ова претставува важен чекор кон модерно, ефикасно и одговорно локално управување, во служба на граѓаните на Општина Делчево, како и поголема транспарентност, отвореност и директен пристап до информациите од локалната самоуправа.




# ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАЗВОЈ

# 2. ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАЗВОЈ

## *Регулација на речниот тек на Брегалница во Делчево во должина од 1 км*

Ќе се регулира речниот тек на Брегалница во Делчево во должина од 1 км. Во тек е изградба на регулацијата на речното корито на река Брегалница-возводно во должина од 620 метри во два одделни проекти.

- Првиот проект се реализира преку проектот за прекугранична соработка „Интегрирани прекугранични туристички акции во Благоевградско-делчевскиот регион" се реализира во рамките на Програмата IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027, Приоритет 3: „Интегриран развој на прекуграничниот регион", имплементиран од Општина Делчево и Регионален центар за застапување од македонска страна и Општина Благоевград и Алфатур од бугарска страна. Вкупната сума на проектот е 991.641,39 евра од кои 842.895,17 од Европската Унија, а остатокот е национално кофинансирање од 90.441,18 (Бугарија) и 58.305,04 (Северна Македонија).
- Вториот проект за регулација на речното корито во должина од 320 метри возводно е преку Министерството за животна средина. Вредност на работите 42 милиони денари
- Третиот проект за регулација на речното корито на река Брегалница низводно во должина од 300 м. се очекува да се официјализира наскоро. Средствата се обезбедени преку Европска инвестициска банка.





## *Изградба на скејт - парк*



Во рамки на проектот за прекугранична соработка „Интегрирани прекугранични туристички акции во Благоевградско-делчевскиот регион" се реализира во рамките на Програмата IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027, Приоритет 3: „Интегриран развој на прекуграничниот регион", имплементиран од Општина Делчево и Регионален центар за застапување од македонска страна и Општина Благоевград и Алфатур од бугарска страна. Паркот е лоциран до градскиот парк.

## ***Дворно уредување на новата детска градинка***

Во завршна фаза е дворното уредување на новата детска градинка, каде се гради дворната ограда во должина од околу 200 метри, летниковец, печашки патеки, детско игралиште со најразлични содржини. Работите ги извршува фирмата ПАНЕЛ-М од Тетово, а вкупната вредност на договорот е 6,7 милиони денари со вклучен ДДВ. Следува процес на набавка на мебел и други потребни средства, а се очекува новата градинка која ќе пружа одлични современи услови за престој и воспитно-образовна дејност на 130 дечиња, да ги прими своите први дечиња во текот на оваа 2026 г.





## ***Започна конзервацијата и реставрацијата на Спомен-домот „Разловечко востание“ во с. Разловци***

НУ Национален конзерваторски центар ќе започне со враќање на сјајот на домот кој го чува споменот на првото востание од предилинденскиот период. Проектот ќе се спроведува во 5 фази и предвидува конзервација и реставрација на кровот, конзервација на внатрешни и надворешни ѕидови, замена на дотраена столарија со столарија од трајни материјали и термопан стакло, конзервација и реставрација на партерот и на потпорните ѕидови со дренажа.



## ***Заврши реконструкцијата на регионалниот пат кон Пехчево***

Овој регионален пат е целосно саниран и обновен, а проектот се реализираше со финансиска поддршка од Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП). Вложени се 20 милиони денари. Поставен е нов асфалт на површина од 10.200 м², изведувач на работите е ЈП „Македонија пат“.



## *Заврши реконструкцијата на регионалниот пат до с. Габрово*

Во должина од  околу 2,2 км се изврши целосна санација на патниот парвец кој беше во очајна состојба. Се постави нов асфалт на коловозот со што се реши долгогодишниот проблем поврзан со патната инфраструктура на жителите од селото Габрово. Проектот се реализираше со финансиска поддршка од Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП), а вкупната вредност на инвестицијата изнесува 22 милиони денари, при што се поставени 12.500 м² нов асфалт. Изведувач на работите е ЈП  за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта, а средствата се обезбедени преку ЈПДП.



## *Се градат нови улици во Централното градско подрачје*

Интензивно се работи на изградба на нови улици во централното градско подрачје кои ќе ги поврзат со современи сообраќајници новите објекти во изградба, станбените згради, но и веќе постоечките објекти. Се работи на изградба на улиците во централното градско подрачје УЕ-2 од блок  2.2, односно дел од улица „4“, крак од улица „4“, дел од улица „1“, пристапна улица „1“, улица „5“, со вкупна должина до околу 630 метри. Улиците ќе бидат со ширина од 6 метри, а на дел од нив ќе се градат и тротоари.  Во рамките на овој проект се изгради и фекална и атмосферска канализација. Со оваа инвестиција, централното градско подрачје ќе добие нов и урбан лик, но ќе овозможи и развој и нови инвестиции во овој дел од градот кој беше доста запоставен.







## *Изградба на атмосферска канализација во Централното градско подрачје во должина од над 1 000 метри*

Заврши поставувањето на атмосферската канализација која е дел од проектот за изградба на атмосферска канализација во Централното градско подрачје во должина од над 1 000 метри и ги опфаќа улиците „Индустриска“ и ул „1“ во Централното градско подрачје. Со овој проект, конечно, се решава еден од најголемите инфраструктурни предизвици во овој дел на градот. Новата атмосферска канализациска мрежа во голема мера ќе ги зафаќа и атмосферските води од населбата Милково Брдо, а со тоа ставаме крај на децениските проблем со поплавите кои се случуваа и овие атмосферски води се спроведени во реката Брегалница.  Вредноста на работите изнесува 10,5 милиони денари средства обезбедени од Владата, а работите ги изведува СД-ТРАНС од Делчево.



## Започна реконструкцијата на улица „Индустриска“

Во должина од 500 метри комплетно ќе се реконструира една од најфреквентните улици во градот и главна сообраќајница што го поврзува индустрискиот дел, градскиот пазар и населбите Расадник и Трети Реон. Улицата ќе добие нов урбан лик и ќе прерасне во современа сообраќајница која ќе даде поголема безбедност во сообраќајот за сите учесници. Работите ги изведува фирмата „Стојменов“ од Кочани која има обврска комплетно да ја реконструира улицата со ширина од 6 метри на коловозот, со поставување нов асфалт, замена на долен строј и реконструкција на тротоарите. Вредноста на договорот е 11, 9 милиони денари, цена со ДДВ, а средствата се обезбедени од Владата на РСМ преку Министерството за транспорт и врски.



- **Изградба на фекална канализација во населба „Пролет“ во должина од 100 метри.**
- **Изработка на техничка документација за изградба на фекална канализација со прочистителна станица во с. Стамер.**
- **Во тек е изработка на проектна документација за изградба на водоводна мрежа во с. Вирче. Проектот се реализира преку Министерството за животна средина и е дел од големиот проект за водоснабдување на Делчево.**
- **Во тек е проектирање на водоводна мрежа на планината Голак преку ИПР**
- **Во тек е изработка на техничка документација за изградба на јавен паркинг.**

## Интензивно се работи на изградба на улица „Драмечка“

Интензивно се работи на изградба на улица „Драмечка“, како и крак од оваа улица во населбата Басарица со што се решава уште едно приоритетно барање на жителите од оваа населба. Воедно, на улицата се гради и дел од атмосферската канализација. Проектот опфаќа изградба на улица со вкупна должина од 155 метри, а финансиските средства за реализација на проектот се обезбедени од Министерството за транспорт на Република Македонија, во вкупен износ од 2.862.015,00 денари. Изведувач на градежните работи е компанијата ОСД КИРИЛ од Штип, а реализацијата на проектот е планирана да продолжи и во текот на 2026 година.







## *Заврши реконструкцијата на ул „Солунска“*

Заврши реконструкцијата на ул „Солунска“ - со што се реши децениски проблем за жителите кои живеат во населбите Втори и Трети Реон, а се овозможи и подобро сообраќајно поврзување со улиците „Ванчо Прке“, „Брегалничка“ и „Маршал Тито“. Со овој проект значително се подобрува безбедноста во сообраќајот на оваа улица која е една од нафреквентните улици во градот. Реконструираниот дел од улицата е во должина од 479 метри, целосно обновен со нов асфалтен слој. Вкупната вредност на проектот изнесува 3.187.590 денари, од кои 1.568.941 денар се обезбедени преку Стратегијата за Роми на Министерството за транспорт и врски, а 2.192.415 денари се обезбедени од Буџетот на Општина Делчево. Проектот е дел од инфраструктурната програма во рамки на Локалниот акциски план за Роми.





## *Започна реконструкцијата на улицата „Видое Смилевски-Бато“*

Започнаа градежните работи за изградба на улицата „Видое Смилевски-Бато“ во населбата Расадник. Во моментов се извршуваат земјени работи за изградба на улицата која ќе се гради во должина од 180 метри, а претходно за овој дел од населбата ќе се изгради и фекална канализација. Во проектот е предвидена изградба и на потпорен ѕид- како посебна заштита поради конфигурацијата на теренот. Средствата во висина од 6,6 милиони денари се обезбедени преку Владата на РСМ, а изведувач на работите е СД-ТРАНС, с. Ѕвегор Делчево.



## *Во тек е регулација на речното корито на река Габровчица*



Во тек е регулација на речното корито на река Габровчица. Вредноста на проектот е 17 мил денари, а средства обезбедени од Владата на РСМ. Изведувач на работите е КОП-ИНЖЕНЕРИНГ-Скопје



☐ Започна реконструкцијата на ул „Кочо Рацин". Вредност на работите 1,8 мил. денари, средства обезбедени од Владата на РСМ. Изведувач на работите е ОСД Кирил- Штип;

☐ Почеток на работите за изградба на улици во СРЦ Делчево ( ул.5, ул.6 и ул.8) и изградба на водовод, атмосферска и фекална канализација . Вредност на работите 10,2 мил.денари, средства обезбедени од Владата на РСМ. Изведувач на работите е ОСД Кирил-Штип;
☐ Започнува изградба на улици во населба „Пролет" (ул. 4 в, дел од улица 3, дел од улица 5 и дел од улица 1) и изградба на фекална и атмосферска канализација за населба Пролет и изградба на водоснабдителен систем во населба „Пролет"
☐ Во тек е изработка на техничка документација на реконструкција на старата спортска сала во спортскиот комплекс на Делчево. Салата повеќе од две децении го нагрдува градот и сведочи за негрижа и недомаќинско работење со јавните средства и од локалната и од централната власт, во текот на оваа 2026, ќе биде целосно реконструирана, ќе добие нов лик и ќе прерасне во центар на спортските настани во Делчево

## 3. НАЈАВА ЗА СЛЕДНИ ПРОЕКТИ

- Изработка на техничка документација на ниво на основен проект за реконструкција на постоечка водоводна мрежа-главен цевковод Лошана-Општина Делчево
-Реконструкција на дел од улица во с.Звегор
-Изградба на улица „Петрашевска",
-Изградба на улица „Чифличка",
-Изградба на улица „Ветренска",
- Изградба на улица „Влаинска",
- Изградба на улица „Грозданец",
- Изградба на улица во с.Град,
- Крпење на ударните дупки
- Набавка на нова урбана опрема за детските паркови;
- Изградба на фекални и атмосферски канализации;

## 4. ЕКОЛОГИЈА

***Кампања: „Се бориме за почист дом-Делчево со нула толеранција за отпад"***

Кампањата е поделена на два дела
-Прва фаза- приоритетен период за реализација од 3-ти ноември до 15-ти декември 2025 година со цел да се исчистат сите диви депонии на територијата на Општина Делчево и значително да се подобри реализацијата на Оперативниот план на ЈКП „Брегалница" Делчево за
☐ прибирање и одлагање на комуналниот смет од домаќинствата и приватните правни субјекти,
☐ прибирањето и соодветното депонирање на габаритен и кабаст инертен отпад од домаќинствата и стопанските субјекти.

- Втора фаза која ќе се спроведува континуирано во период 2026-2029 година со цел да се создаде одржлив систем за одлагање, прибирање и депонирање на отпадот во соработка на сите надлежни локалн и институции, приватни субјекти, месни и урбани заедници, граѓански организации, како и поединци активисти кои се борат за здрава и чиста животна средина.

## *Расчистување отпадоци и диворастечки растенија*

Расчистување отпадоци и диворастечки растенија на потегот под бул „Македонија" кај станбените згради во Делчево. Екипи на ЈКП „Брегалница" со помош на механизација го расчистуваа теренот кој беше доста запуштен и даваше грда слика на транзитниот булевар и во делот од градот каде се сместени голем број јавни институции, а има и голема фреквенција на возила и граѓани. Акцијата за расчистување од диворастечки растенија и отпад продолжи на јавните површини по должината на целиот булевар, тротоарите до Агенцијата за вработување, но и до бензиската пумпа на излезот кон Берово.



## *За прв пат се чисти покрај локалниот пат за с. Тработивиште*



За прв пат се спроведе активност за чистење на локалниот пат за с. Тработивиште од диворастечки растенија, наноси, отпад по целата негова должина започнувајќи од крајот на ул „Маршал Тито" во Делчево, па сè до с. Тработивиште. Оваа акција беше приоритетна и неопходна, бидејќи состојбата на локалниот пат беше крајно лоша, со обраснати растенија покрај коловозот кои ја нарушуваа прегледноста и директно влијаат на безбедноста во сообраќајот.

• Екипи на ЈКП „Брегалница" ги исчистија од отпад и диворастечки растенија јавните површини покрај новиот градски пазар и сточниот пазар. Паралелно се чистат и оспособуваат и сливниците покрај коловозите на улиците низ градот.

• Претставници од МЗ во с. Габрово и лица ангажирани преку Програмата за извршување јавни работи на Општина Делчево со заедничка акција ја исчистија од отпад и дивоизраснати растенија јавната површина околу селската џамија. Оваа заедничка активност беше на барање на Советот на МЗ во с. Габрово и потенцирана како една од активностите за решавање приоритетни проблеми во селото, но и активност која води до почисто и поубаво село. Целта е да се создаде чиста и здрава животна средина, посебно да се облагороди просторот околу џамијата кој е вреден историски споменик во селото.



## Акција за уредување на јавните површини



Во тек на реализација е акцијата која се однесува на уредување на јавните површини на целата општинска територија со обележување на сите хаварисани, нерегистрирани и нефункционални возила, машини, приклучни возила и земјоделска механизација кои се оставени на јавни простори. Акцијата е дел од континуираните напори на локалната самоуправа да се подобри урбаниот изглед, безбедноста во сообраќајот и слободното движење на пешаците и возилата.

## Акција за почист воздух




Инспекциските служби вршат вонреден инспекциски надзор, посебно во инсталациите каде има значителни емисии во амбиенталниот воздух и согласно со законските одредби ќе се преземаат соодветни казнени мерки. Општина Делчево преку проектот „Спречување на загадувањето на воздухот со помош на едукативни технички решенија" има набавено нова станица за мониторинг на PM10 честички каде граѓаните преку линкот достапен на општинската страница можат во реално време да го следат квалитетот на воздухот во градот Делчево.

## Извршена дератизација на градската канализација

Во Делчево беше извршена дератизација на градската канализациска мрежа и градската депонија. Дератизацијата ја вршеа стручни екипи од ЈЗУ Центар за јавно здравје, Кочани, ПЕ Делчево во соработка со претставници од ЈКП „Брегалница" и овластени лица од Одделението за инспекциски надзор при Општина Делчево. Според предвидените параметри, за успешно справување со овој тип преносители на заразни заболувања, третирани се над 80 канализациски шахти и градската депонија со 35 кг. средство „Бродисан" во вид на гранули и коцки за неутрализирање на преносителите, глувци и други глодари кои се потенцијални преностители на вектор заразни заболувања.





ТППЕ ДЕЛЧЕВО

## 5. ТППЕ Делчево

Со реализираните активности и со јасно дефинираните идни проекти, Општина Делчево демонстрира системски и одговорен пристап кон јакнење на капацитетите на Територијалната противпожарна единица, подобрување на условите за работа на пожарникарите и зголемување на безбедноста на граѓаните.

• Обезбедување униформи за дежурство за пожарникарите на ТППЕ Делчево (палто, панталони, маици со краток ракав, џемпер и обувки).

• Уредување на работно-правниот и материјалниот статус на пожарникарите- Потпишан е Колективен договор со Синдикатот УПОЗ, како и Колективен договор со Независниот синдикат на пожарникарите на Македонија. Со договорите се уредени правата, обврските и месечните примања на пожарникарите, при што се воспоставени стабилни и правно усогласени услови за работа. Со ова целосно е отстранета основата за поведување судски постапки од претходниот период.



Планирани ПРОЕКТИ

• Набавка на интервентно лесно теренско возило 4×4 Возило наменето за брзи и ефикасни интервенции на тешко достапни и рурални терени.

• Набавка на батериски лампи за интервенции

• Опрема неопходна за безбедно дејствување при ноќни интервенции и во услови на намалена видливост.

• Набавка на заштитна опрема за интервенции при шумски пожари (заштитни униформи и обувки) Проект насочен кон зголемување на личната безбедност и заштита на пожарникарите при интервенции на отворен простор.

• Набавка на РТЦ- опрема за технички интервенции (батериски хидраулични ножици и растегнувачи) Со оваа опрема ќе се унапреди капацитетот на единицата за сообраќајни незгоди и спасувачки интервенции.

• Изградба на нова гаража за возилата на ТППЕ Делчево Проект за обезбедување соодветни услови за сместување, заштита и редовно одржување на противпожарните возила.

• Набавка на камион за интервенции- Возило наменето за урбани и комбинирани интервенции, со зголемена маневрибилност и оперативна ефикасност.

• Континуирана обука и стручна доедукација на пожарникарите.

• Организирање редовни и специјализирани обуки за шумски пожари, технички интервенции и спасување, со цел унапредување на професионалната подготвеност.

• Доуредување на дворот на ТППЕ Делчево, со цел подобрување на условите за маневрирање на возилата и секојдневното функционирање на единицата.

• Поставување заштитна ограда на скалите и терасата кај просториите на ТППЕ Делчево



# ОБРАЗОВАНИЕ

# 6. ОБРАЗОВАНИЕ

## ООУ „Св.Климент Охридски“




• Прв пат по 9 години беше извршено сервисирање на парните котли во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево од страна на фирмата „Термоплан“ ДОЕЛ-Скопје. Целта на оваа активност е обезбедување, стабилен и ефикасен систем за затоплување, но и превенирање можни дефекти на инсталацијата за затоплување.
• Од страна на „Амбасадор тим“ на нашето училиште беа донирани над 50 топки (од сите видови) за потребите на часовите по физичко и здравствено образование. Главна цел на оваа донација е да се овозможи на учениците поквалитетна и побезбедна настава.
• Од страна на PT Solutions, Герман Енерго Солушн на нашето училиште се донирани и ставени во употреба 16 диспанзери за хигиена. Со оваа активност нивото на хигиена е подигната на повисоко ниво после долго време.
• Во месец декември преку претходно објавен тендер од страна на фирмата Филаделфија од Кочани во централното училиште беа поставени нови 5 клима уреди марка Tesla.Целта на поставувањето на овие клима уреди е подобрување на уловите за настава и подобрување на ефикасноста на системот за затоплување.
• Фирмата ИДС-КОМ ДООЕЛ од Куманово во училиштето преку предходно објавен тендер преку фирмата е извршена набавка на 8 нови преносни компјутери(лаптоп) марка HP 250 кои се поделени на наставниците со цел реализација на поквалитетна настава по сите предмети.
• Во тоалетите во делот кај детската градинка е извршена промена на старите оштетени врати со нови врати. Целта на оваа активност е подобрување на хигиенските услови кај првачињата во нашето училиште.

## ООУ „Ванчо Прке“

• Реализација на проектот „Зелен баланс-локални акции за здрави заедници“ Во ООУ „Ванчо Прке“ беше официјално беше пуштена во употреба урбана градина изградена во рамките на проектот „Зелен баланс – локални акции за здрави заедници“, финансиран од Европската Унија, а се реализира во партнерство со РЦЗ.
• Изработен е технички проект за инсталација на внатрешни и надворешни хидранти во училиштето
• Изработен е технички проект за замена на котлите и грејните тела за затоплување со пелети во училиштето.



## *СОУ „М.М.Брицо“*

-Во рамки на своите активности, училиштето реализираше проект во соработка со Коалиција на младински организации СЕГА, во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, поддржан од Детската фондација Песталоци од Швајцарија. Проектот беше насочен кон унапредување на безбедноста, меѓусебната почит и позитивната училишна клима. Како дел од оваа соработка, во2025 година беше организирано интеркултурна размена на учениците во Троген, Швајцарија, со цел размена на искуства, интеркултурно учење и јакнење на младинската соработка.

-Училиштето реализираше и меѓународни проекти во рамки на програмата RYCO Superschools, и тоа:

- Проект „Don’t Give Up, Gift Up“, реализиран во период февруари–март 2025 година, во рамки на Циклус 3 – долгорочни партнерства, во соработка со партнер-училиште од Пирот, Република Србија.
- Проект „Bridges to Unity“, планиран за реализација во период февруари–март 2026 година, во рамки на Циклус 4 – ново партнерство, во соработка со партнер-училиште од Тирана, Република Албанија.

-Реализиран е проектот Еразмус+ проект „Green Technologies in the Chemical and Textile Industry“ (Зелени технологии во хемиската и текстилната индустрија), број 2024-1MK01-KA122-VET-000209075, склучен со Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Проектот се реализираше во Португалија и Бугарија, со цел воведување на зелени технологии и практично учење во хемиската и текстилната индустрија.

- Во 2025 година е реализирана реконструкција на наставничка канцеларија и помошни простории, со цел подобрување на работната средина за наставниот кадар и подобрување на функционалноста на училиштето.



## Детска градинка „Весели цветови“




• Инклузија на дечиња Роми во детската градинка во Делчево
Во делчевската детска градинка „Весели цветови" за учебната 2025/26 година ќе бидат примени 15 деца Роми на возарст од 3 до 6 години кои се во социјален ризик во рамките на проектот „Инклузија на деца Роми во јавните општински установи– детски градинки". Целта на Проектот е отстранување на постоечките бариери за пристап до предучилишни установи на деца Роми на возраст од 3 до 6 години, инклузија на децата и нивна социјализација, како и зајакнување на свеста кај нивните родители за важноста на раниот детски развој и образованието на нивните деца.

• Во тек е проект за соработка со дипломиран педагог и воспитувач со долгогодишно професионално искуство во Сојузна Република Германија во областа на раното детско образование и воспитание, со цел пренесување идеи за унапредување на воспитно-образовни концепти, професионална поддршка и едукација, создавање на поквалитетна средина за развој, учење и благосостојба на децата.

• Извршена е набавка на 85 душеци за детските креветчиња.

• Планирана е обнова на електричната инсталација во подрумските простории.

• Поради долгогодишна употреба, постоечките детски гардеробери се значително дотраени, притоа се планира нивна обнова со цел подобрување на условите, подобар визуелен изглед, функционалност и безбедност.

• Детската градинка планира реализација на проект за снимање на химна во периодот што следи со што ќе остави траен печат и препознатлив белег на градинката.

• Проект за уредување на дворно место во детската градинка кој предвидува уредување и опремување на дворното место со цел создавање на безбедна, едукативна, природна и развојно-стимулативна средина за децата. Концепт базиран на учење преку игра, движење и директен контакт со природата. Уредувањето е замислено како модуларен и функционално поделен простор, во кој секоја зона има јасна намена и воспитно- образовна улога. Проектот ќе се реализира преку донации од физички и правни лица.

• Во тек е обнова на инвентар во дел од занималните со цел подобрување на хигиената, безбедноста и изгледот на просториите.

• Се планира набавка на нова постелнина за детските креветчиња ,како дел од редовните активности за подобрување на хигиенските услови и комфорот на децата.

• Реновирање и санација на главна кујна во детската градинка

# 7. ЗДРАВСТВО



## *Донација за Здравствениот дом од ДЗС*

Делчевскиот Здравствен дом доби донација- санитетско возило со полна медицинска опрема. Донацијата е од Дирекцијата за заштита и спасување.

# 8. СООБРАЌАЈ

## *Одбележан Светскиот ден за сеќавање на жртвите од сообраќајни несреќи*



Со показна вежба- спасување на повредено лице во сообраќајна незгода со едно возило, во Делчево се одбележа Светскиот ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди. Настанот е организиран од страна на Општина Делчево – Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, а во соработка со Сообраќајната полиција, Инспекторот за превенција при Полициската станица од општа надлежност Делчево, Здравствениот дом „Гоце Делчев“ Делчево, Црвен крст на Република Северна Македонија – Општинска организација Делчево и ученици до СОУ „М.М.Брицо“.

## *Декларација за унапредување на сообраќајната безбедност*

Декларацијата обврзува имплементација на мерки за поголема безбедност во сообраќајот на локално ниво при што ќе се настојува соодветно планирање на патната инфраструктура и транспортните услуги, управување со мобилноста во функција на безбедноста во сообраќајот на патиштата и приоритизирање на простори за одржливи начини на патување

## *Празниците се најубави кога сите сме безбедни*

Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево во соработка со сообраќајната полиција и Станицата за технички преглед на возила „Автовозач – фер“ од Делчево, го реализираше првиот дел од активноста ПРАЗНИЦИТЕ СЕ НАЈУБАВИ КОГА СИТЕ СМЕ БЕЗБЕДНИ наменет за учениците, при што беа опфатени 150 деца од двете училишта.



# 9. МЛАДИ ВО ФОКУСОТ

## *Младинскиот центар ги отвори вратите за младите од Делчево*



Центарот ќе работи како отворен инклузивен простор и ќе биде достапен за сите млади со цел да се поттикне нивната активност, вмрежување и учество во општествениот живот. Организацијата ЖЕНА од Делчево ќе раководи со Младинскиот центар. Со отворањето на Центарот, Општина Делчево одговори на барањата на младите и го реши првиот приоритет кој беше дефиниран на буџетските форуми за решавање во 2026 г.

# 10. ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

## *Општина Делчево за 2026 г. подготви 10 програми кои се родово сензитивни*

1. Програма за еднакви можности
2. Програма за комуникација со јавност и промоција на Општина Делчево
3. Програма за работа на ОСБСП за 2025
4. Програма за образование на Општина Делчево
5. Програма за култура на Општина Делчево
6. Програма за спорт на Општина Делчево за 2025
7. Програма за соработка со граѓански сектор
8. Програма за социјална заштита
9. Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево
10. Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево

- Во текот на 2026 година градиме партнерство со граѓански сектор за јакнење на свеста за еднаквите можности во сите сфери на општественото живеење. Даваме поддршка на Организација ЖЕНА за нивните активности и средби со жени од рурални средини, во рамките на проектот „Жените го преземаат водството во локалните заедници" финансиран од Делегацијата на Европската Унија, а кофинансиран од Шведска и спроведуван во партнерство со Фондација Kvinna till Kvinna и Хуманитарно Здружение „Мајка" - Куманово. Целта на проектот е да се активираат локалните жени за да се обезбеди конструктивен придонес со мерки за политики за инклузивно и родово одговорно програмирање и буџетирање на ЕЛС.

### *Формирани 25 нови совети на месните и урбаните заедници*



Формирани се 25 нови совети на месните и урбаните заедници и беа избрани нови претседатели на заедниците. За прв пат во Општина Делчево има две жени претседателки на месни заедници и тоа во МЗ во с. Вратиславци, Слободанка Митевска и во МЗ Басарица, Елвира Алириза. Процесот продолжува, своја УЗ ќе добијат и жителите од новата населба „Пролет".

## 11. Соработка со граѓански сектор

Општина Делчево гради партнерство со граѓанскиот сектор и за прв пат од општинскиот буџет се одвоија 1.5 милиони денари за граѓански и спортски здруженија во Делчево. Процесот за доделување на средствата е транспарентен и зависи од капацитетот на здруженијата и од поднесените проекти или програми планирани за реализација за 2026 година.

### *Потпишан Меморнадум за соработка со ОО на Црвен крст Делчево*

Со овој документ се обезбедува координирано делување меѓу Општина Делчево и Црвениот крст во областите на здравствено-превентивните програми, крводарителството, обука од прва помош, подготовка и реакција при катастрофи, промоција на хуманите вредности, волонтерството и меѓународното хуманитарно право.



### *Одбележан Меѓународниот ден на волонтерите*



По повод 5 Декември – Светскиот ден на волонтерите, во Општина Делчево се одржа настан посветен на одбележување на хуманоста, солидарноста и вредноста на волонтерството и крводарителството во заедницата. Настанот беше организиран како знак на признание за сите кои несебично го даруваат своето време, енергија и добрина за доброто на другите, како и за оние кои со својот пример ја пренесуваат пораката дека дарувањето е највисок чин на човечност. Во рамки на одбележувањето, посебно внимание беше посветено на крводарителите.

## *За прв пат во Делчево доделени награди за спортист на годината*

Ивана Арсениевска, активен член на женската ракометна сениорска репрезентација на Македонија и полскиот клуб Pilka Reczna Koszalin, е спортист на годината во Делчево за 2025 г; Тренер на годината е Љупчо Петровски, активен тренер на ЖКК „Патриот 2016“, за спортска екипа на годината е прогласена ЖКК „Патриот 2016“, а за млад надежен спортист награда доби 16-годишниот Мартин Спасевски, за друмски и планински велосипедизам; Плакети за успешна соработка и унапредување на спортот добија: ENDURO TEAM DELCHEVO, GOLAK TRAILS и Училишен спортски клуб „Климент Охридски“ – Делчево.







# 12. РАБОТНИ СРЕДБИ



Можностите за зајакнување на економските врски, развојот на заедничките проекти во рамки на прекуграничната соработка, поддршката на туризмот и локалниот економски развој, беа теми на настан којшто се одржа во Благоевград соседна Бугарија, а на која презентација на можностите за развој на Делчево имаше градоначалникот Иван Гоцевски. Настанот беше во рамките на културната иницијатива „Вечери на Балканот-Македонија“.




Градење нови пријателства на меѓународната сцена-тема на средбата меѓу градоначалникот Гоцевски со претставници од Македонско-турската стопанска комора.



Можности за нови инвестиции- тема на работната средба на Гоцевски и Ашок



Приоритетите за развој на Делчево тема на средбата на градоначалникот Гоцевски и директорот на Центарот на ИПР Здравков



Унапредување на соработката на Општина Делчево и управните служби на МВР



Прва официјална средба на градоначалникот Гоцевски и владиката Марко



Работна средба на претседателот на Советот Стојменовски и директорот на Управата за матични книги, Фатон Фазлиу

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

# 13. Најмладите и Општината

## Ученици учеа за функцијата градоначалник и за надлежностите на Општината

Четвртоодеделенците од ООУ Ванчо Прке" и од ООУ „Св.Климент Охридски", како и петтоодеделенците од истото училиште, беа во посета на градоначалникот Иван Гоцевски и учеа што значи да се биде градоначалник.





## Гоцевски во посета на дечињата од детската градинка



Детски насмеани лица, многу песнички и вредни детски цртежи и изработки во детската градинка „Весели цветови" со единствена порака дека секое дете заслужува среќно детство и топол дом. Оваа атмосфера го пречекаа денеска градоначалникот на Делчево, Иван Гоцевски кој ја посети детската градинка на денот кога го одбележуваме Светскиот ден на детето. Градоначалникот Гоцевски и испрати јавна порака до сите чинители во општеството- да се почитуваат правата на децата.
Светскиот ден на детето се прославува на 20 ноември за да ја одбележи Декларацијата за правата на детето донесена од Генералното собрание на ООН.

# 14. ХУМАНОСТА НАША МИСИЈА

## *Денови на хуманост -дарувај со љубов*

Традиционалната манифестација по повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост, „Денови на хуманост-дарувај со љубов" се спроведува осма година по ред под покровителство на Општина Делчево и во партнерство со локалните институции: основните и средното училиште, детската градинка, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров", ЈЛБ „Илинден", Дневниот центар за лица со посебни потреби од Делчево, НВО „Бравура кооператива" и Клубот ИНТЕГРА. Целта на активностите е будење на филантропијата и општествената одговорност и подигање на свеста за лицата со попреченост и нивна инклузија во општеството.





## *Промовирана куќичката на надежта*

На иницијатива на градоначалникот Иван Гоцевски во Делчево се отвори Куќичката на надежта, сместена во градскиот парк. Ова е мало место со голема порака, каде различноста создава убавина и носи надеж и порака дека секое дете заслужува внимание, топлина и еднакви можности. Во инклузивната куќичка се собираа донациии – пакетче, книга, цртеж или играчка кој колку може и сака да донира, а првата донација беше од градоначалникот Иван Гоцевски кој ги повикува сите граѓани да ја посетат инклузивната куќичка, да остават новогодишна донација според своите можности и заедно да се создаде празнична атмосфера која им припаѓа на сите деца.



## *Креираме безбедни улици-работилница за зголемување на безбедноста во сообраќајот за лицата со попреченост*

Во рамките на активностите предвидени за кампањата „Денови на хуманост-дарувај со љубов", а по повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост со корисниците на Дневниот центар за лица со посебни потреби во Делчево учеа како тие да бидат безбедни учесници во сообраќајот додека се движат по улиците.



## Саем на книги од издавачката куќа „Сакам книги“




Во рамки на Деновите на хуманоста, ЈЛБ„Илинден‟-Делчево организираше саем на книги од издавачката куќа „Сакам книги‟ кој предизвика голем интерес кај нашите сограѓани.

## Ликовна работилница-Белогаски

По повод 3 Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, Националната установа Центар за култура „Никола Јонков Вапцаров‟ – Делчево традиционално организираше инклузивна ликовна работилница, во која заедно твореа ученици од основните и средните училишта и корисниците на Дневниот центар за лица со попреченост. Проектот е финансиски поддржан од Министерството за култура и туризам на Република Македонија, а се реализира во соработка со Општина Делчево,ОУ „Св. Климент Охридски‟, ОУ „Ванчо Прќе‟, СОУ „Методи Митевски – Брицо‟ и Дневниот центар за лица со попреченост „Бравура Кооператива‟. Ликовните дела што беа изработени на Ликовната работилница беа подарени на Дневниот центар на лица со посебни потреби во Делчево. На сите учесници беа поделени благодарници.



## Хуманитарна акција „Со срце за Делчево“



Хуманитарна акција „Со срце за Делчево‟- доделени 50- ина хуманитарни пакети до семејства кои живеат во социјален ризик во Делчево. Пакетите беа поделени по повод новогодишните празници и по повод Стара нова година.

## Донација од дрва, машина за перење и финансиски средства од Општина Делчево за 12-годишниот Јован Лесовски од делчевско Ветрен



# 15. Општината отвора дијалог: Јавни трибини за подобро здравје

## „Силата на една жена“-трибина по повод Розовиот октомври

Настанот беше организиран од ЈЛБ „Илинден", Ученичката заедница во СОУ „М.М.Брицо", а со поддршка на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев" и Општина Делчево, а учествуваа и жени кои се избориле со оваа болест или сѐ уште ја водат таа битка, како и претставници од граѓанскиот сектор. Комисијата за избор по конкурсот на темата ги награди ученичките: Првото место го освои Сара Ангелова; Второ место за Сара Тодоровска; Третото место ѝ припадна на Ана Мавродиева.



## Машкото здравје во фокус



По повод Месецот на машкото здравје, ноември, Комисијата за еднакви можности на Општина Делчево организираше трибина со мултидисциплинарен пристап кон машкото здравје на која учество зедоа доктори од различни области од Здравствениот дом во Делчево . На трибината со наслов „Фокус на машкото здравје", говореа: д-р Адријана Илиевска-Велковски, спец. по радиологија, д-р Билјана Ѓеоргиевска, спец. по психијатрија, д-р Даниела Цветковска, спец. по неврологија, д-р Тони Ѓеоргиевски, спец. по интерна медицина, д-р Александар Стојменовски.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

## 16. Делчево во зимска и новогодишна приказна

Зимската приказна во Делчево испиша 22 страници со настани, концерти, дедо мразовци, пакетчиња кои мамеа насмевки и создаваа вистинска празнична атмосфера. Но, во зимскиот парк во Делчево, покрај новогодишно украсената градска елка, се забавуваа и постарите со греано вино и ракија со одбрана музика и со многу топли новогодишни специјалитети и декорации.

На зимската сцена настапија:



Ламбе Алабаковски


Ангел, Иван и Драган


Брука бенд


Бумбари бенд



Троја бенд


Амбасадор, DJ ALADAGY,
DJ BRAYAN, DJ BRYSID, DJ FREEKY


Баскерфест


Кирил Пантомима


АНИМАТОРИ-Дедо мраз Штулар



Во организација на Здружението „Копачка" се одржа промоција на монографијата „Ехото на дамарите на пијанчани-Копачката 10 години од впишувањето на Копачката во УНЕСКО"

Во рамки на зимската приказна во Делчево, ЈЛБ „Илинден"-Делчево се вклучи со повеќе активности и беше дел од предновогодишната програма на Општина Делчево. Мобилизирани најмладите од градинката „Весели цветови" со песна го повикуваа Дедо Мраз. Првоодделенците од ООУ „Св.Климент Охридски" и ООУ „Ванчо Прке", боеја лампиони и подготвуваа украси, но испишаа и 54 зборчиња на балони кои треба да бидат најважни во годината што доаѓа, беа пуштени во небото над Делчево. Една од активностите е Конкурсот за најубава новогодишна честитка и порака, на кој работеа учениците од ООУ „Св.Климент Охридски", а најдобрите честитки беа поделени во градскиот парк.








*Општина Делчево упатува посебна благодарност за сите спонзори коишто помогнаа за обезбедување на програмските содржини и за поубава и посвечена новогодишна магија да допре до секој граѓанин на нашето Делчево. Нивната поддршка и нескромна соработка на оваа новогодишна манифестација упатува силна порака дека Делчево е наш заеднички дом кој вреди да го унапредуваме и заедно да го развиваме.*

## 17. ЈКП „БРЕГАЛНИЦА"
## - СЕРВИС НА ГРАЃАНИТЕ

1. Исплатено по основ на плати, надоместоци од работен однос, обврски спрема доверителите, обврски по извршни решенија за период од 01.12.2025 год. до 06.02.2026 год во висина од 11.443.411,00 ден.
-Обврски спрема доверители- 2.519.964,00 ден.
-Надомест од работен однос (неисплатени), јубилејни награди 2024, 2025- 187.910,00 ден.
-К-15, регрес за годишен одмор за 2025- 1.017.278,00 ден.
-ДДВ пријави- 410.882,00 ден.
-Плати плус одбитоци- 6.955.141,00 ден.
-Извршни решенија- 352.236,00 ден.
2. Во периодот 12/2025 и 01/2026се изготвени 38 налози за наплата. Вкупен износ на побарувања од правни лицае718.933,00 ден. Од овие побарувања наплатено е 349.355,00 или 48,59%. Налозите за наплата на побарувања од физички лица (за период од 01/2025 до 06/2025) се однесуваат за наплата во месец 02/2026.

3. Во овој период редовно се чисти Градската депонија Острец- двапати неделно (секоја среда и петок) со градежни машини-ровокопачи JCB и HIDROMEC. Депонијата се посипува со земја со цел превенирање од пожари и разнесување на сметот.
-Редовно чистење на комуналниот смет од домаќинствата и од правните лица по дневен распоред за работа.
-интервентно постапување по барање на граѓаните и вонредни околности.

4. Извршени се интервенции и отстранети се дефекти на водоводни линии (главни) од Ф-32 до Ф110 =30 броја
-Извршени се ситни поправки кај индивидуални потрошувачи (замена на спојки, вентили) пред водомери =15 броја
-Извршено е отпушување на канализација (главна)= 10 броја
-Извршено е отпушување кај индивидуални потрошувачи (корисници) по ф-ра 11 броја
-Извршено е поставување нови водомери со нов приклучок по водомери =5 броја
-Заменети се 16 водомери кои се во неисправна состојба со нови
-Реконструирана е водоводна линија со ново PE- црево од 5/4 Ф40 во должина од 130 м Населба Басарица.
-Поставена е нова водоводна линија Ф32 на дел ул. „Кочо Рацин" во должина од 70 м.
-извршено е приклучок на новата линија на индивидуалните потрошувачи на цела улица „Кочо Рацин".
-Сите дефекти на главната водоводна мрежа кои се санирани се вратени во првобитната положба.
5. Изготвен е 81 нов Договор за закуп на тезги на градскиот пазар во Делчево со што се подобрува евиденцијата и се ажурирани податоците на закупците што ќе придонесе и за поголема наплата на закупнината од издадените тезги и поголем приход по таа основа.

6. Редовно одржувањето на парковите и јавните зелени површини е примарна активност на РЕ Паркови и зеленило и опфаќа: машинско и рачно косење трева, гребулење, собирање и изнесување на тревата и друг отпад, садење сезонско цвеќе, поправка и одржување парковски клупи и реквизити, кроење на украсните дрвца и грмушки, кастрење суви гранки и сл. Покрај редовните активности оваа работна единица ги има извршено и следните дополнителни активности:

- Кастрење гранки и лисја од дрвја и грмушки, како и кроење зимзелени и цветни грмушки алпиниуми на јавни зелени површини во градот, поточно:

а) Парк на ул.„Кеј на ослободувањето" во Ново Делчево

б) Кеј на Брегалница, коритото од двете страни на реката Брегалница (утовар и транспорт со трактор)

- Поткастрување, обликување и одстранување на исушени стебла на зимзелените растенија и дрвја во жардиниерите на потегот од:

а) жардиниерите на ул. „Булевар Македонија" (од семафорите до с.Звегор)

- Детално чистење песок и растителна маса обраснати покрај ивиците на тротоарите на „Булевар Македонија" од семафорите до с.Звегор од десната и од левата страна и отстранување на дрвјата и грмушките.

- Засадени: на новиот градски пазар – 20 бр (Thujacupressus), кај Градската капела – 50 бр (Thujacupressus), на просторот помеѓу зграда „Брод" и „Делчевчанка" – 20 бр (зимзелена жива ограда – Lonicera) и на локација „Парк со езерца" засадени се во кругот пред црквата 350 бр. Viola tricolor.

- По претходен увид на лице место на одредени локации во градското подрачје беа поставени 5. канти за отпад.

- На Граничниот премин се врши:

а) метење и собирање отпад од асфалтните и бетонските површини

б) собирање отпад од тревните и зелените површини

в) одржување санитарните јазли

г) зимско одржување – чистење снег

- Секторот за одржување на паркови и зеленило, согласно со Програмата за работа вршеше чистење на снегот на јавните површини во централното градско подрачје.











## 18. ЈЛБ „Илинден"

☐ ЈЛБ „Илинден" ја заврши годината со вкупно 528 членови, од кои 320 се активни.
☐ Во 2025 г , библиотеката за книги потрошила 40.000,00 денари и 99.000,00 денари преку проект финансиран од Министерството за култура и туризам.
☐ За 2026 година за набавка на нова литература се планирани 53.808,00 денари
☐ Преку проект финансиран од Министерството за култура и туризам, библиотеката обезбеди и 10 подвижни полици за книги кои се сместени во читалната на библиотеката.
☐ Завршно со 15 декември 2025 г. ЈЛБ „Илинден", во COBISS- системот има внесено 49. 791 наслов.
☐ Промоции на книги:

1. Промоција на од седумтомната книга „Слова за Словото" од Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски г.г.Стефан. ЈЛБ„Илинден"-Делчево располага со црковна литература и е една од ретките библиотеки кои имаат црковна литература пишувана на црковно-словенски јазик.
2. Промоција на книгата делото „Ехо на љубовта" од младиот автор Никола Митовски. ЈЛБ „Илинден"-Делчево на оваа промоција учествуваше како поддржувач на Локалниот младински совет-Делчево,
3. Пред учениците од ООУ„Св.Климент Охридски" промовирана книгата „Ајде да гласаме" на роднокрајниот автор Стеван Спасовски.
4. Промоција на Палеографски албум на јужнословенското кирилично писмо од проф. д-р Владимир Мошин. Промоцијата беше по повод одбележувањето на 24 Мај –Денот на сесловенските просветители Кирил и Методиј
5. Промоција на книгата „Јасмина низ Осоговските Планини", чиј текст е на Кирил Арсовски-Пржо, а илустрацијата на Софија Ситновска. Детската книга која е со едукативна и еколошка тема, поврзана со заштитата на природата и запознавање со богатствата на Осоговските Планини, е донација од Рудникот „Саса".
6. ЈЛБ „Илинден"-Делчево ја промовираше креативноста и талентот на нашата млада роднокрајна авторка Рената Јосифовска, и нејзиното првенче -стихозбирката „Судбина или случајност". Рената Јосифовска со своето дело „Судбина или случајност" како роднокраен автор, го збогатува културниот живот на нашиот град и книжниот фонд на библиотеката.
7. Промоција на романот „Македон" на роднокрајниот автор Славчо Десподов, по повод 22 години од излегувањето како прв роман во историјата на Делчево.








Минатата година, ЈЛБ„Илинден" реализираше над 80 активности, кои имаат за цел да ја промовираат библиотеката, нејзиното значење и улога во воспитно-образованиот процес на децата, но и книгата како најдобар пријател на човекот.

## *Натпревар по краснопис*

Традиционално во месецот ноември, ЈЛБ„Илинден" го организираше натпреварот по Краснопис. Натпреварот се реализираше во соработка со двете основни училишта во градот и на него учествуваа вкупно 23 ученици од III до VI одделение кои преку своите трудови ја покажаа убавината и вредноста на уредниот и читлив ракопис, а сите ученици пишуваа извадок од лектирата „Зоки Поки".
На натпреварот, прво место освои Верџиниа Петровска, второ место освои Леонтина Веселиновска и трето место Вања Ковачка.



## *Несекојдневна промоција на монографиите за делчевските села*



Со неизмерна љубов кон родниот крај, ЈЛБ „Илинден", создаде едно од најубавите културни моменти: промоција на монографиите и, воопшто, книгите посветени на делчевските села и околината, претставени на несекојдневен, вистински магичен начин. На овој настан, 12 девојчиња облечени во народна носија промовираа монографии за селата во делчевско и околината и зачекорија по модно-книжната писта, не само како модели, туку како чувари на спомените. Тие прошетаа по „пистата" достоинствено, со гордост и дел од народната носија што ја носеа, зборуваше за нашата вековна убавина, а книгите за нашето наследство кое мора да продолжи.

# 19. Почит кон живото-културно наследство и традицијата

## *Ново издание на обичајот под маски Сурова во с. Ѕвегор*



## Зголемена транспарентност и видливост на работата на градоначалникот и на Општина Делчево

1. Изработката на Отчетот за 100 дена локална власт „ За наше Делчево" е една од алатките со која Општина Делчево конкретно одговара на законските обврски за отчетно и транспарентно работење.
2. Определен приемен ден кај градоначалникот: Секој петок од 10.00ч до 13.30ч и примени денови по одделенија и сектори;
3. Во овие сто дена градоначалникот во кабинетот имал средба со околу 1.000 граѓани. Најголеми барања на граѓаните се поврзани со инфраструктурни и комунални проблеми во населбите, каде што живеат, проблеми поврзани со урбанизацијата и сл.
4. Одржани средби со граѓани од месни и урбани заедници
5. Редовно ажурирање на алатката: Пријави проблем. Граѓаните пријавиле 30 проблеми поврзани со проблеми со уличното осветлување, со улици и патишта, водовод и канализација, култура, урбанизам, јавен ред и мир. Препратени се сите до надлежните одделенија и институции и постапено е по нив.
6. Редовно ажурирање на информациите на ФБ- страниците на градоначалник и на Општина Делчево
7. Во овие 100 дена почитувајќи го принципот за активна транспарентност објавени се:
120 новости
18 соопштенија
18 јавни повици
5 информации од седници на Советот на О. Делчево
8. Во функција е дигиталната алатка за Советот opstinskisovet@mk
9. Одговорено е на 9 информации од јавен карактер
10. Редовно ажурирање на информациите, програмите и др. информации на веб-страницата.
11. Тројно зголемена посетеноста на општинската веб-страница. Најчината вест има 2.037 прегледи (Стартуваше кампањата „Се бориме за почист дом-Делчево со нула толеранција за отпад".
12. Објавен анкетен прашалник за креирање на Буџетот за 2026 г. На анкетниот прашалник со кој се собираа предлози од Буџетот за 2026 одговориле 44 испитаници. Од нив 52,3% се мажи, а 47,7% се жени и за прв пат, има поголем интерес кај мажите за пополнување на анкетниот прашалник.
13. Донесена нова Програма за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево (09-298/1, „Сл. гласник на Општина Делчево" бр 2/2026.
14. Дневна комуникација со медиуми
15. Отчетот презентиран од градоначалникот Иван Гоцевски на гостување во емисијата „Што мисли народот" на регионалната ТВ Стар (емитуван во живо на 09.02.2026).
16. Во анализите- најмногу застапени информации од Општина Делчево има на: националниот сервис МИА, регионалната ТВ Стар, веб-порталите Делчево 365, Делчево Денес, Брегалнички.
17. Градоначалникот Иван Гоцевски на дневна основа дава изјави за актуелни теми од работата на Општина Делчево: на ТВ Стар, МИА, Делчево Денес, Брегалнички, Делчево 365 и во емисијата „Проблем или песна" на Тв Стар.
18. Објавени се 3 броја на е-општински информатор „Инфо Делчево"

# Совет на Општина Делчево

Советот на Општина Делчево во овие 100 дена одржа 4 седници и расправаше и донесе 96 акти: општински програми, одлуки, решенија и др.акти. Меѓу другото беа донесени: Програмата за работа на Советот за 2026, Програма за извршување јавни работи за 2026 година; Програма за еднакви можности на мажите и жените на Општина Делчево и работа на Комисијата за еднакви можности за 2026 година; Програма за социјална заштита на Општина Делчево за 2026 година; Програма за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево за 2026 година; Програма за активностите на Општина Делчево од областа на превенција, заштита и спасување од елементарни и други непогоди; Програма за образование за 2026 г, Програма за соработка со граѓанскиот сектор и Програмата за спорт за 2026г. Исто така, редовно на Советот се расправа и се носат одлуки од областа на урбанизмот, легализации на диви градби, урбанистички планови и сл. Донесени се: Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2026 година; Програма за уредување градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2026 година; Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2026 година;

Формирани се: Комисија за статут и прописи; Комисија за финансирање, буџет и ЛЕР; Комисија за урбанизам, планирање и уредување на просторот и заштита на животна средина; Комисија за комунални работи и сообраќај; Комисија за јавни дејности; Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените; Комисија за спорт;

На предлог на градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски, беше формиран Локален совет за превенција, како тело за координација меѓу државата и општината за добробит на заедницата и превенирање и подобрување на локалната безбедност од сите аспекти што е една од клучните цели на ова тело.

Донесени се и: Одлука за именување членови на Советот за социјална заштита на Општина Делчево; Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите; Одлука за формирање на Совет за јавно здравје; Одлука за формирање на Совет за заштита на потрошувачите. Во транспарентна постапка донесени се и решенија за новите состави на Надзорниот и Управниот одбор на ЈКП „Брегалница" и на составите на управувачките органи на другите локални институции. Советниците едногласно ја донесепа  Одлуката за одобрување на Планот на програмите за развој на Општина Делчево за 2026 година.

Советот на Општина Делчево на Третата седница го усвои Буџетот на Општина Делчево за 2026 година. Буџетот за наредната година е проектиран во износ од 481.604.321 денар, додека Основниот буџет е 192.788.171 ден. Капиталните расходи во вкупниот буџет се 132.205.150 ден, а тековно- оперативните расходи се проектирани во износ од 349.399.171 денар или 72,5%. Во Основниот буџет тековно-оперативни расходи изнесуваат 79.419.668 денари (41%), додека капиталните расходи изнесуваат 113.368.457 денари или 59%.

Меѓу другите точки во овој период, советниците донесеа и Одлука за прифаќање донација од Друштво за трговија и услуги „М-Д РЕНТАЛС"-ДООЕЛ Скопје на нова вакумска метларка (машина за чистење на улици); Со оваа Одлука, Општина Делчево во својство на примател на донацијата ја прифаќа донацијата од Друштвото за трговија и услуги „М-Д РЕНТАЛС" ДООЕЛ Скопје  на нова вакумска метларка (машина за чистење улици) во вредност од 399.992,00 денари со вклучен ДДВ. Донацијата не создава никаква корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

Инаку, од 4 Седница на Советот се применуваат дигитални алатки за работата на Советот преку дигитална платформа opstinskisovet.mk со што се овозможува поголема отчетност на советниците, заштеда на време и ресурси, како и значително намалување на користењето хартија. Ова претставува важен чекор кон модерно, ефикасно и одговорно локално управување, во служба на граѓаните на Општина Делчево, како и поголема транспарентност, отвореност и директен пристап до информациите од локалната самоуправа.

Општинскиот Совет брои 15 членови, а за прв пат од постоењето институција Совет, во овој состав на Советот има 6 жени.

# ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ул. „Светозар Марковиќ" бр. 1

email: info@delcevo.gov.mk

www.delcevo.gov.mk